# 17 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ "СИС-УПОЗ 2011"

ПЕЦО
ГРУЈОВСКИ

МИЛАН
ЖИВКОВИЌ

МЛАДЕН
КОЛАРИЌ




ПАНЧЕ
ДИМОВ

СОЊА
СОЛЕВСКА

ТАЊА
АЛЕКСОВСКА

**СЛОБОДАН**
**НИКОЛОВСКИ**
Претседател

**ГОРАН**
**КОЦЕВ**
Мал фудбал

**ЗОРАН**
**МИЛАНОВСКИ**
Стрелаштво




**НАУМ**
**БАБУКА**
Тенис

**БИЉАНА**
**СТАМАТОВА**
Пикадо и Шах

**ЈАНАКИ**
**МЕГОВСКИ**
Кошарка и Баскет

**ПЕТРЕ**
**НЕДЕЛКОВСКИ**
Пинг -Понг

**АЦО**
**МИЛАНОВСКИ**
Одбојка

# БИЛТЕН

## 17 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ "СИС-УПОЗ 2011"

17 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
ОХРИД 2011



**ОХРИД 2011**

## СЕ ОДРЖАА 17-ТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

# АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ СКОПЈЕ ПОБЕДНИК НА СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

Од 9 до 11 јуни 2011 година по 17-ти пат во хотелот „Метропол“ во Охрид се одржаа Спортските игри и средби на Синдикатот на УПОЗ. На игрите учествуваа околу 400-тина учесници, како и претставници на Синдикатот на државните и локалните службеници и намештеници од Хрватска и тоа 56 учесници. Игрите свечено ги отвори Претседателот на Синдикатот на УПОЗ Пецо Грујовски. Тој ги поздрави сите учесници и им посака спортско и фер натпреварување и дружење. Предходно учесниците ги поздравија и претставници од Локалната самоуправа Охрид г-дин Душко Јовчевски, како и Претседателот на Синдикатот на хемија, метали и неметали Зоран Мироновски кои изразија благодарност за поканата и посакаа игрите да поминат во најдобар ред и незаборавно дружење. По нивното обраќање, учесниците имаа прилика да го проследат настапот на Културно-уметничкото друштво „Филиграни“ кое исполни два изворни македонски сплета.





На 17-те спортски игри учествуваа 16 екипи и тоа: Агенција за катастар на недвижности, Фонд за ПИОМ, Апелационо подрачје Скопје, Управа за јавни приходи, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Локална самоуправа Карпош, Министерство за транспорт и врски, Апелационо подрачје Гостивар, Основен суд Струга, Локална самоуправа Струга, Локална самоуправа Прилеп, Службен весник на РМ, Апелационо подрачје Штип, Апелационо подрачје Битола, Државен архив на Македонија и Локална самоуправа Крива Паланка.

Екипите кои учествуваа на игрите се натпреваруваа во машка и женска конкуренција во дисциплините мал фудбал, кошарка, баскет, одбојка, пикадо, шах, пинг-понг, стрелаштво, тенис и влечење јаже.

По тродневно дружење и фер натпреварување со прогласување на најдобрите и доделување на пехари, дипломи и признанија завршија 17-тите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ.

Победник во машка конкуренција беше екипата на Апелационото подрачје Скопје, а победник во женска конкуренција беше екипата на Локалната самоуправа Карпош.

Севкупен победник на игрите беше екипата на Апелационото подрачје Скопје која го освои и преодниот пехар.

Според заклучоците и овие спортски игри и средби како и предходните поминаа во одлична атмосфера, натпреварување и дружење.

### Машка конкуренција – прво место

**Мал фудбал - Фонд на ПИОМ**
**Кошарка - Апелационо подрачје Скопје**
**Одбојка - Агенција за катастар и недвижности**
**Пинг-понг - Локална самоуправа Прилеп**
**Шах - Апелационо подрачје Скопје**
**Стрелаштво - Локална самоуправа Карпош**
**Пикадо - Министерство за земјоделство шумарство и водостопаство**
**Тенис - Апелационо подрачје Скопје**

### Женска конкуренција – прво место

**Пикадо - Фонд на ПИОМ**
**Баскет - Локална самоуправа Струга**
**Одбојка - Локална самоуправа Струга**
**Пинг Понг - Локална самоуправа Карпош**
**Шах - Апелационо подрачје Скопје**
**Стрелаштво - Апелационо подрачје Скопје**
**Тенис - Локална самоуправа Карпош**

### Заедничка дисциплина Влечење јаже:

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

